Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2021 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 6

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ... 10

Увоз ... 11

Салдо на трговска размена ... 12

Валутна структура ... 13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 13

Буџетски расходи според економската класификација ... 15

Буџетско салдо.. ... 16

Расходи по буџетски корисници ... 18

4. Социјален сектор

Засновани работни односи и евидентирани невработени лица во Агенција за вработување ... 18

Плати ... 19

Пензии ... 20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ... 21

Депозитен потенцијал ... 21

Кредити на банките ... 22

Каматни стапки на депозитни банки ... 23

Пазар на капитал ... 23

Девизни резерви ... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2021 година

- Индустриското производство во април 2021 година забележа раст од 46,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во април 2021 година се зголемија за 2,7% во однос на април 2020 година
- Во периодот јануари - април 2021 година извозот забележа раст од 40,7%, а увозот раст од 34,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 19,3%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2021 година изнесуваа 67.842 милиона денари, односно 9,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,7% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2021 година изнесуваа 74.681 милион денари, односно 10,6% од БДП, што е за 2,5% повеќе во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните кредити на банките во април 2021 година се зголемија за 5,7% во споредба со април 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во април 2021 година забележа раст од 46,1% во споредба со истиот месец претходната година, а на кумулативна основа во првите четири месеци од годината индустријата порасна за 3,7%. Високиот раст се должи делумно на ниската пресметковна основа како последица на високиот пад во истиот период претходната година (-33,5%). Од секторите коишто ја сочинуваат индустријата, раст е забележан кај Преработувачката индустрија од 64,3% и кај Рударството и вадењето камен од 16,9%, додека кај Снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 15,6%.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во април 2021 година бележат 22 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 80,6% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во април 2021 година е забележан кај производството на машини и уреди за скоро 9 пати и придонес од 49,0 п.п., моторни возила за околу 3,5 пати и придонес од 29,1 п.п., електрична опрема за повеќе од 4 пати и придонес од 11,2 п.п., како и компјутерски, електронски и оптички производи за повеќе од 2 пати и придонес од 1,2 п.п.. Од традиционалните гранки, во април 2021 година производството на текстил порасна за околу 2,5 пати (придонес од 6,7 п.п.), производството на облека за 18,3% (придонес од 1,5%), а прехранбената индустрија забележа раст од 11,9% (придонес од 1,2 п.п.). Од гранките со позначителен придонес, пад во април 2021 година бележат производството на метали од 20,8% (придонес од -0,9 п.п.) и фабрикувани метални производи од 7,8% (придонес од -0,3 п.п.).

Растот на производството според намената на произведените единици во април 2021 година главно е последица на зголеменото производство на капитални производи за повеќе од 3 пати (придонес од 45,2 п.п.).

На кумулативна основа, во првите четири месеци од годината индустријата забележа раст од 3,7%, што се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 7,4% и придонес од 5,9 п.п., додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,3% и незначителен придонес, а во секторот Рударство и вадење камен пад од 12,9% и придонес од -1,4 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди од 3,7 п.п. при раст од 59,8%, производството на електрична опрема од 2,2 п.п. при раст од 62,5%, како и производството на неметални производи од 0,8 п.п. при раст од 17,6%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2021 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – април 2021 година бележат гранките: Интермедијарни производи освен енергија од 16,9%, Капитални производи од 6,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,9%. Падот, пак, е најизразит во гранката Енергија (22,2%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2021 година е намален за 1,7%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 6,9%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,1% и Преработувачка индустрија од 1,2%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се поправка и инсталирање машини и опрема од 18,2% и производство на фабрикувани метални производи со раст од 10,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а тоа е најизразено кај енергијата од 3,9%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – април 2021 година бележи пад од 3,1%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 6,9%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,0% и Преработувачка индустрија од 2,8%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите четири месеци од 2021 година е намален кај сите групи, освен кај трајните производи за широка потрошувачка (раст од 1,4%), а падот е најизразит кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2021 година е поповолна споредено со март 2021 година, како и во однос на истиот месец од 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 71,7% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец, кога изнесувало 71,1%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 4,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,4%, неизвесното економско окружување со 16,1%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,1%, недоволната домашна побарувачка со 14,0%, финансиските проблеми со 9,6% и други фактори.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2021 година во однос на март 2021 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во април 2021 година издадени се вкупно 233 одобренија за градење, што претставува раст од 34,7% споредено со април 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 31,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е пониска за 5,7%, а на месечна основа за 33,9%.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(април 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 149 (или 63,9%) се наменети за објекти од високоградба, 24 (или 10,3%) за објекти од нискоградба и 60 (или 25,8%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 233 издадени одобренија за градба, на 117 објекти (или 50,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 116 објекти (или 49,8%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во април 2021 година предвидена е изградба на 618 станови, со вкупна корисна површина од 55.104 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 26,6%, а на годишно ниво е намален за 26,0%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2021 година се зголемија за 2,7% во однос на април 2020 година. Забрзувањето на растот на стапката на инфлација е резултат на зголемувањето на цените на енергијата и раст на цените на храната, иако е

забележано мало незначително надолно отстапување, како и на растот на цените во повеќе категории. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 2,1% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите четири месеци од 2021 година изнесува 2,2%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да се движи во рамките на проекциите, меѓутоа сè уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на пандемијата на ковид-19.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Стапката на инфлација во еврозоната во април достигна 1,6% на годишно ниво по растот од 1,3% во март. што се должи главно на назначителниот раст на цените на енергијата (придонес од 0,96 п.п.), на услугите (придонес од 0,37 п.п.) и на храната, алкохолот и тутунот (придонес од 0,16 п.п.).

Во април 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,4% на годишно ниво. Забавувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на намалувањето на цените на овошјето и зеленчукот, додека најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените има растот на цените на маслото (25,8%).

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Највисок годишен раст на цените во април 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 10,6% следен со порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 5,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,1%, Здравствена заштита од 3,1%, Рекреација и култура од 2,6%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,3%, Разновидни стоки и услуги од 1,0% и Образование од 0,1%.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите Облека и обувки од 0,6% и Комуникации од 0,4%.

Потрошувачките цени во април 2021 година се зголемија за 0,7% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени се зголемија за 0,5% на месечно ниво).

Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Транспорт од 1,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,2%, Облека и обувки од 1,0%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,4%, Здравствена заштита и Ресторани и хотели од по 0,3% и Рекреација и култура од 0,2%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива и Комуникации од по 0,2% и Разновидни стоки и услуги од 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во април 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 3,7%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2021 година споредено со претходниот месец се намали за 0,6% и изнесува 64,8 долари за барел, со што иако се прекина повеќемесечниот тренд на раст на цената, сепак таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година, индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше генерално нагорен тренд на движење којшто се задржа сè до крајот на првиот квартал од 2021 година. Цената на нафтата во однос на април претходната година е 2,8 пати повисока.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст продолжи до март 2021 година, кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст, зголемувајќи се за 8,3% на месечна основа.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Слично како и патеката на цената



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто прекина во март 2021 година кога истата забележа месечен пад. Во април, цената на никелот на месечна основа бележи раст од 0,7%. Покрај никелот, месечен раст на цената во април забележаа и другите основни метали. Така, цената на алуминиумот се зголеми за 5,9%, на калајот за 4,7%, на бакарот за 3,7%, на оловото за 3,3% и на цинкот за 1,3%. Во април 2021 година, цената на железната руда се зголеми за 6,9% во однос на март 2021 година.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на истата сѐ до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, со раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст од 2,4% во април. Иста стапка на месечен раст во април забележа и цената на платината, а цената на среброто остана речиси непроменета.

Цената на пченката на светските берзи во април 2021 година на месечна основа се зголеми за 9,4%, а на пченицата за 3,2%.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2021 година изнесува 5.360,1 милион евра и бележи раст од 37,0% во однос на истиот период од минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,7 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 60,0%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите четири месеци од 2021 година изнесува 27,8% и е зголемено за 3,5 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

[1]Започнувајќи од април 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2021 година изнесува 2.278,1 милион евра и бележи раст од 40,7% (659,1 милион евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 18,5%.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во април 2021 година изнесува 617,0 милиони евра и бележи раст од 192,0% (405,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 52,2% споредено со април 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во април 2021 година извозот бележи раст од 4,8% (28,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 8,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,8 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - април 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд,

раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 45,5% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 22,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 80,3% и 9,8% соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2021 година изнесува 3.081,9 милиони евра и бележи раст од 34,4% (789,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 5,6%.

Вредноста на увозот во април 2021 година изнесува 891,2 милиона евра, што претставува раст од 138,5% (517,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 20,2%.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во април 2021 година увозот бележи раст од 8,6% (70,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 7,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,8 п.п.) врз увозот овој месец.

Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,7 | 23,8 | 7,1 | 42,4 |
| Мил. ЕУР | 286,5 | 552,6 | 266,2 | 92,9 |
| Мил.$ | 316,1 | 665,1 | 349,0 | 110,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,0 | 11,9 | 1,9 | 18,9 |
| Мил. ЕУР | 59,4 | 82,7 | 23,3 | 39,2 |
| Мил.$ | 65,4 | 99,4 | 34,0 | 52,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 242,3 | 240,3 | -2,0 | -0,8 |
| Мил. ЕУР | 179,8 | 213,3 | 33,5 | 18,7 |
| Мил.$ | 197,7 | 256,5 | 58,9 | 29,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 247,6 | 237,0 | -10,7 | -4,3 |
| Мил. ЕУР | 114,8 | 141,3 | 26,5 | 23,1 |
| Мил.$ | 126,2 | 169,7 | 43,5 | 34,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 17,0 | 29,1 | 12,0 | 70,7 |
| Мил. ЕУР | 236,0 | 341,4 | 105,4 | 44,7 |
| Мил.$ | 260,2 | 410,4 | 150,2 | 57,7 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2020 | I-IV-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,0 | 24,1 | 6,1 | 34,2 |
| Мил. ЕУР | 202,1 | 270,8 | 68,6 | 34,0 |
| Мил.$ | 222,5 | 325,3 | 102,8 | 46,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 19,3% односно 130,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 68,8% односно 111,8 милиони евра споредено со април 2020 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и горива и мазива. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2021 година, 93,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Србија, Турција, Полска, САД, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Шпанија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,5% од трговската размена во периодот јануари - април 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 5,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,2% и 89,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,8 п.п., додека кај увозот е зголемена за 6,6 п.п. во однос на периодот јануари - април 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IV - 2020 | | | | | I - IV - 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.377,8 | 1.901.107.336 | 61,6334 | 117.171.708.875 | 82,9 | 1.582,2 | 2.759.157.596 | 61,6430 | 170.082.751.672 | 89,5 | 858.050.260 | 45,1 |
| УСД | 785,4 | 405.837.726 | 56,1046 | 22.769.363.301 | 16,1 | 700,5 | 357.054.875 | 51,2480 | 18.298.348.212 | 9,6 | -48.782.852 | -12,0 |
| ГБП | 1,2 | 6.232.460 | 71,3287 | 444.553.266 | 0,3 | 0,6 | 5.933.937 | 70,6883 | 419.459.942 | 0,2 | -298.523 | -4,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.164,4 | | | 140.385.625.441 | 99,1 | 2.283,3 | | | 188.800.559.826 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.168,4 | | | 141.281.724.994 | 100,0 | 2.289,4 | | | 189.992.226.459 | 100,0 | | 34,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2021 година изнесуваа 67.842 милиона денари, односно 9,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,7% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е трет последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, кој во април изнесува високи 35,5%. Растот е резултат и на пониските приходи во март и особено во април претходната година, кога се почуствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата.

Даночните приходи се реализирани во износ од 39.424 милиони денари и се повисоки за 18,0% во однос на јануари – април 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

Токму приходите од Данокот на додадена вредност имаат доминантно учество од 47,0% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 18.510 милиони денари, што претставува зголемување од високи 27,7% во однос на кризниот период јануари - април 2020 година. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 26.646 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 8.136 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 13,0%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 10,5% споредено со јануари – април 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 18,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 3,8%.

Акцизите се остварени во износ од 7.190 милиони денари (учество од 18,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 11,5% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 25.700 милиони денари, што претставува 65,2% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - април 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 6.156 милиони денари и бележат раст од 6,3% на годишна основа, при што 67,5% од приходите се од плата и други лични примања, 7,8% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,1% од приходи по основ на договор на дело, 7,0% од приходи од капитал и 10,6% од други видови данок на доход.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 4.756 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 8,5% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемија повеќе од двојно, додека данокот по месечни аконтации се намали за 18,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.605 милиони денари и забележаа зголемување од 23,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 207 милиони денари забележаа зголемено остварување за 15,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 22.527 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,7% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 5,7%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,0% и кај придонесите за вработување за 5,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.366 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 1,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 287 милиони денари, што е намалување од 36,6% во однос на периодот јануари – април минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 919 милиони денари и се намалени за 0,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2021 година изнесуваа 74.681 милион денари, односно 10,6% од БДП, што е за 2,5% повеќе во однос на истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 69.986 милиони денари учествуваа со 93,7% и се зголемени за 0,3% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 10.105 милиони денари што претставува зголемување за 2,8% во однос на периодот јануари – април претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,5%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.131 милион денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 12,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки како и секогаш имаа трансферите коишто изнесуваа 52.741 милион денари. Средствата за трансфери забележаа пониска реализација за 0,9% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 70,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 38.876 милиони денари, забележаа зголемување од 4,1% и учествуваа со 52,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 23.707 милиони денари, што е зголемување за 3,9% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 31,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,3%, при што се намалија за 14,4% и се реализирани во износ од 12.945 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.364 милиони денари забележаа зголемување од 1,1% во споредба со периодот јануари - април претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 5.835 милиони денари што е за 27,6% помалку споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.009 милиони денари, што е за 6,9% помалку во споредба со истиот период од 2020 година. Расходите за камати од домашно задолжување се поголеми за 5,0%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 15,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 4.695 милиони денари, со структурно учество од 6,3% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 51,5%) во споредба со периодот јануари - април 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - април 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 11.574 милиони денари што претставува 18,7% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (5.168 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 44,7%. За капитални расходи се издвоени 3.013 милиони денари (48,5% од планираното), односно 26,0% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 17,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.016 милиони денари, или 24,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - април 2021 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во првите четири месеци од 2021 година реализираше 17.456 милиони денари или 32,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 11.823 милиони денари или 32,5% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,2% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 32,6% (3.877 милиони денари) од планираните за 2021 година.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 8.363 милиони денари, што е 30,7% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (64,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.417 милиони денари или 33,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 15,9%, за што се потрошени 1.331 милион денари, односно 31,1% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 3.665 милиони денари, што претставува 30,6% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 72,9%, за што се потрошени 2.672 милиона денари или 33,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,7%, за што се реализирани 722 милиона денари или 29,4% од годишниот план.

Министерството за одбрана во периодот јануари - април 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 2.465 милиони денари, што е 22,2% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,6%, за што во овој период се реализирани 1.370 милиони денари (32,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 28,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 698 милиони денари, односно 26,1% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите четири месеци од 2021 година реализираше вкупно 1.758 милиони денари, односно 25,1% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 79,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 1.392 милиона денари (24,9% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - април 2021 година, изврши буџетски средства во износ од 2.046 милиони денари, што е 28,4% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 50,5%, за што во овој период се потрошени 1.033 милиони денари или 28,9% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 833 милиони денари (30,3% од планираното за годината) и учество од 40,7% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 719 милиони денари, што е 13,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 11,6% од предвиденото (507 милиони денари).

Во периодот јануари - април 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 2.515 милиони денари што претставува 47,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со 77,3% во вкупните

расходи, реализирани се 45,5% од планираните средства, односно 1.945 милиони денари. Втора најважна ставка е капитални расходи, за којашто се реализирани 533 милиони денари (58,3% од предвиденото), што е 21,2% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 6.839 милиони денари, што претставува 1,0% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.538 милиони денари и претставува 1,1% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Засновани работни односи и евидентирани невработени лица во Агенцијата за вработување

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Во април 2021 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 62.170 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени[5] е повисок за 5,3% во однос на април 2020 година.

Од вкупниот број новоработени 43,2% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2021 година, 21,9% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во април 2021 година изнесува 201.912, од кои 144.390 се активни баратели на работа, а 57.522 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 0,8% (при што треба да се има предвид дека во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица). Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.749 лица. Со исклучок на

[5] Под поимот „новоработени“ се подразбираат регистрираните пријави за засновани работни односи (М-1 обрасци). Во извештајниот период за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број на регистрирани пријави

март 2021 година (кога се прочистени списоците), во април 2021 е забележан прв пад на невработеноста на месечно ниво по ноември 2019 година.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (62,2%) се градско население, а според половата структура 49,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,8% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 25,8% се со завршено средно образование, додека 9,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 51,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето-плата во март 2021 година оствари годишен раст од 6,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектор: Уметност, забава и рекреација (17,9,%), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,3%) и Информации и комуникации (12,1%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 4,6%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во март 2021 година оствари годишен раст од 6,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (18,3,%), Информации и комуникации (12,2%)

и Дејности на здравствена и социјална заштита (12,0%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,5%.

## Пензии

Во април 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 324.399 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,3% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,6% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во април 2021 година изнесува 15.606 денари и е за 0,7% повисока во однос на истиот месец минатата година[6]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,4%.

Просечната старосна пензија во април 2021 година изнесува 16.872 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.103 денари, а просечната семејна пензија 12.548 денари. За исплата на пензиите во април 2021 година се потрошени 5.009 милиони денари, што претставува 50,9% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во април 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 1,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. со што монетарната политика го задржа релаксираниот карактер. Задржувањето на основната каматна стапка на ниво од 1,25% е оценето како соодветно на тековните економски и финансиски услови, со оглед на сè уште присутната неизвесност поврзана со пандемијата. Намалувањето на основната каматна стапка, коешто се

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(април 2021 година)




Извор: НБРСМ.

[6] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

случи во неколку наврати, и намалениот износ на понудени благајнички записи придонесе за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во април 2021 година, примарните пари[7] се зголемија за 17,0% споредено со април 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 32,1% и зголемување на готовите пари во оптек за 6,7%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 14,2%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 27,6%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 2,1%.

## Депозитен потенцијал[8]

Вкупните депозити на банките во април 2021 година се намалија за 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,4%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во април 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 1,7%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2021 година оствари раст од 6,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 5,0% и 9,6%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 18,6% и 4,7%, соодветно.

[7] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[8] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,3%, а долгорочните депозити се намалија за 5,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***437.357*** | ***-0,5%*** | ***6,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *258.187* | *-1,7%* | *5,0%* |
| *Странска валута* | *179.171* | *1,4%* | *9,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *184.173* | *1,0%* | *6,3%* |
| *Долгорочни* | *101.966* | *-1,0%* | *-5,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***364.194*** | ***0,7%*** | ***5,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *214.327* | *1,4%* | *6,7%* |
| *Странска валута* | *149.866* | *-0,2%* | *4,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *58.212* | *0,8%* | *-0,6%,* |
| *Долгорочни* | *289.314* | *0,7%* | *8,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.437* | *1,4%* | *-22,3%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во април 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,8%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 0,6%. Од аспект на валутата, во април 2021 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,4%, а девизните кредити се намалија за 0,2%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во април 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,9% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,7%, а кредитите во странска валута за 4,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,4%, а краткорочните кредити се намалија за 0,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,58%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,96%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за за 0,01 п.п. и изнесува 4,13%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во април 2021 година изнесува 0,90% и е зголемена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,28%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше раст од 0,04 п.п. и изнесува 0,53%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 9,4% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 53,1%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 25,0%.

Вкупниот промет на берзата во април 2021 година изнесуваше 686,6 милиони денари и истиот е намален за 9,1% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2021 година изнесуваше 5.039,99 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,0%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 12,9%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на април 2021 година изнесуваа 4.003,51 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 1,6%, а во однос на април 2020 година регистрираа раст од 26,7%.